**20140551720**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 18 став (6) од Законот за консолидација на земјоделско земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.187/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗАПИСНИКОТ ЗА ПРОЦЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО СО ПРЕГЛЕДЕН ПЛАН

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на записникот за процена на земјиштето со прегледен план.

Член 2

Записникот за процена на земјиштето со прегледен план се составува во три еднообразни примерока во писмена форма.

Записникот за процена на земјиштето со прегледен план содржи:

- состав на Комисијата за процена на вредноста на земјиштето во консолидационото подрачје,
- табела за процена на вредноста на земјиштето во консолидационото подрачје,
- прегледен план,
- датум и
- потписи на претседателот и членовите на комисијата.

Формата и содржината на записникот за процена на земјиштето со прегледен план се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.31-2939/1
18 март 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Прилог

**ЗАПИСНИК**
**за процена на земјиштето со прегледен план**

Комисија за процена на вредноста на земјиштето во консолидационото подрачје за КО __________ во состав , претседател:___________________, и членови:__________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
_________________________________________________________________________,
го доставува Записникот за процена на земјиштето согласно член 18 став 6 од Закон за консолидација на земјоделско земјиште до Собранието на учесници во консолидацијата.

| Реден број | Кп.бр. | КО | $м^2$ | Вкупен број на вредносни единици |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | | | | |
| 5 | | | | |
| 6 | | | | |
| 7 | | | | |
| 8 | | | | |
| 9 | | | | |
| 10 | | | | |

**Прегледен план**

**претседател,**

_____________________
**Датум**

_____________________
**(потпис)**

**Член**

_____________________
**(потпис)**

**Член**

_____________________
**(потпис)**